# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став 5 од Законот за изменување и дополнивање на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10), во врска со член 45 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06) Судскиот Совет на Република Македонија на седницата, одржана на 26.08.2014 година донесе:

## Правилник
## за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на лицата кои се избираат за судии или судии поротници

### Член 1

Со овој Правилник се уредува нивото на знаењето и проверка на практичната работа со компјутери што треба да го поседуваат лицата кои се избираат за судии или судии поротници.

### Член 2

Лицето што се избира за судија или судија поротник треба да е оспособено за практична работа со компјутери и тоа:

1. WINDOWS Оперативен систем
2. MICROSOFT WORD
3. INTERNET EXPLORER (Интернет пребарувач)
4. FIREFOX MOZILA
5. Електронска пошта

### Член 3

Проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на лицата што се избираат за судии или судии поротници се врши од страна на Комисија формирана со Одлука на Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија.

### Член 4

Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери се состои од три члена, од кои два члена задолжително се инженери по информатика, вработени во Судскиот совет на Република Македонија и во судовите во Република Македонија.

**Член 5**

Резултатите од извршената проверка на знаењето на практичната работа со компјутери Комисијата ги доставува до Судскиот совет на Република Македонија, за усвојување на седница на Советот.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| **Бр. 01 – 1524/1** | **СУДСКИ СОВЕТ** |
| **26 август 2014 година** | **НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **Скопје** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ** |
| | **Александра Зафировска** |